## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП-I бр. 25 – 92
27.06.2016 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 21 став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 16/15, 154/15 и 53/16), постапувајќи по барањето на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, УП-I бр. 25–92 од 14.06.2016 година , министерот за економија донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**за исполнетост на условите за вршење на прв технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема**

1. Се донесува Решение на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, за исполнетост на условите за вршење на прв технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема согласно член 2 став 1 точки 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска опрема („Службен весник на Република Македонија", бр.170/10).

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 21 од Законот за техничката инспекција, правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје поднесе барање бр. 07-1153/1 од 20.05.2016 година до Државен инспекторат за техничка инспекција за утврдување на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема согласно член 2 став 1 точки 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска опрема („Службен весник на Република Македонија", бр.170/10).

Државниот инспекторат за техничка инспекција по спроведената постапка за проверка на приложената документација согласно Законот за техничката и Правилникот за користење на рударска опрема („Службен весник на Република Македонија", бр.170/10), утврди дека правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје ги исполнува условите за технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема и со допис бр. УП-I бр. 25–92 од 14.06.2016 година до Министерството за економија достави Известување за исполнетост условите за технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема.

. Кон барањето се поднесени следните документи:
-Документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регистар на Република Македонија деловоден бр. 35020160008161 од 15.03.2016 година;
-Полиса за осигурување од професионална одговорност од штета од Еуролинк Осигурување АД-Скопје бр. 130170000598/00 со важност до 04.05.2017 година;
-Изјава од управителот на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје за доставување на доказ за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија за наредните 6 месеци бр.13/16 од 20.05.2016 година;
-Сертификат за акредитација бр. ИТ-098 од 18.05.2016 година со важност до 17.05.2020 година со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциското тело со кои се опфатени подрачјата согласно Правилникот за користење на рударска опрема („Службен весник на Република Македонија", бр.170/10).
-Докази за вработениот стручен кадар: Дипломиран Машински инженер – Сековски Горан, Дипломиран машински инженер Јовановски Драге, Електротехничар за јака струја Митковски Драги.
-Документ за не изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност издаден од Централниот регистар на Република Македонија деловоден бр. 0808-50/150120160032890 од 19.05.2016 година;

-Документ за не изречена кривична судска одлука издаден од Централниот регистар на Република Македонија деловоден бр. . 0808-50/150120160032889 од 19.05.2016 година;
- Листа на мерните уреди Д.6.2.1.1 од 09.04.2016 година на ИТИ ДООЕЛ Скопје.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничката инспекција и Правилникот за користење на рударска опрема („Службен весник на Република Македонија", бр.170/10), утврди дека барањето е основано.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИИСТЕР,**
**Driton Kuqi**